Врз основа на член 108 од Статутот на училиштето, Училишниот одбор на ОУ„Христо Узунов„ Охрид на својата седница одржана на ден 06.10.2011 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

За користење на компјутерска опрема во ОУ„Христо Узунов„ - Охрид

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува: користењето на компјутерската опрема, односот на учениците и вработените кон компјутерската опрема, утврдувањето на причинетата штета на опремата и надоместокот на штета причинета од учениците на компјутерската опрема во ОУ„Христо Узунов„ - Охрид.

## II. ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ

**Ч**лен 2

Училниците се отклучуваат од страна на предметните наставници со отпочнување на наставниот час.

По завршувањето на наставниот час учениците ги напуштаат училниците, а предметните наставници ги заклучуваат училниците.

Член 3

Учениците во училницата се распоредуваат на своите места за седење кои се определени според бројот во прозивникот кој соодветствува со бројот означен на компјутерот.

Член 4

За време на часот учениците и предметниот наставник се должни да водат грижа за компјутерската опрема и тоа секој ученик посебно за својата работна станица - компјутерот, а дежурните ученици, класната заедница и наставникот за опремата во Целина.

Во случај на кратко отсуство на наставникот од училница , дежурните ученици и класната заедница се должни да го одржуваат редот во училницата и да водат грижа за целокупната опрема во училницата.

За компјутерската опрема по завршување на часовите од смената води грижа техничкиот персонал.

## ИИИ.КОНСТАТАЦИЈА И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТА

Член 5

Веднаш по пристигнувањето, односно по влегувањето во училницата секој **ученик е должен да ја констатира состојбата на својот компјутер, а дежурните ученици и класната заедница** да ја констатираат целокупната состојба на компјутерската опрема во училницата.

Доколку увидат дека е направена штета веднаш да пријават кај предметниот наставник.

Пријавувањето да се направи во писмена форма со потпис на **дежурните ученици, претставник на класната заедница и ученикот (учениците**) кои констатирале ваква состојба.

Предметниот наставник писменото пријавување со негов потпис го доставува до одделенскиот раководител .

Член 6

Техничкиот персонал доколку по завршување на часовите забележи одредени оштетувања е должен усно да го извести одделенскиот раководител .

## ИВ.УТВРДУВАЊЕ НА НАПРАВЕНА ШТЕТА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Член 7

**Врз основа на пријавата за причинета штета, се формира петчлена комисија во состав: одделенските раководители задолжени за училницата во двете смени, училишниот педагог/психолог, наставник по информатика и домаќинот на училиштето.**

Комисијата има  за задача да го утврди видот на штетата, околностите под кои настанала, висината на штетата, сторителот на штетата и постоењето на вина кај сторителот.

Член 8

Ученикот кој по своја вина  или од крајно невнимание ќе направи штета при работа со компјутерската опрема должен е истата да ја надомести.

Ако штетата е предизвикана од повеќе ученици секој од нив е одговорен за делот од штетата што ја предизвикал.

Ако поединечно не може да се утврди делот од штетата што ја предизвикал, се смета дека сите ученици кои ја користат компјутерската опрема поставена во училницата се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови.

Штетата предизвикана во паралелката, доколку сторителот е непознат, солидарно ја надоместуваат сите ученици во паралелката.

Член 9

Доколку штетата е намерно предизвикана, се спроведува постапка за изрекување педагошка мерка заради уништување на училишниот имот.

Член 10

Висината на штетата се утврдува согласно постоечки ценовници за компјутерска опрема и нејзино сервисирање.

Член 11

Во постапката за надоместок на штета (по утврдувањето на сторителот)се поканува родителот на ученикот да ја надомести причинетата штета во рок од 15 дена по известувањето.

Надоместувањето на штетата се врши со уплата на парични средства на сметката на училиштето во висина на утврдената причинета штета.

Надоместувањето на направени физички оштетувања сторителот, односно родителот може да го реализира и со набавка на нови физички делови како замена на оштетените, но со ист квалитет и перформанси.

Доколку родителот во рок од 15 дена од денот на известувањето не ја надомести штетата училиштето ќе поднесе **тужба пред надлежен суд за надомест на сторената штета.**

## В.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат на начин на кој е донесен.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со 8( осмиот ) ден од денот објавувањето на огласна табла на училиштето.

Член 14

Со стапувањето во сила на овој Правилник записнички да се констатира состојбата за секоја училница.

УЧИЛИШЕН ОДБОР
Претседател,
Лидија Цветковиќ

Овој Правилник е донесен на Училишниот одбор на ОУ„Христо Узунов„-Охрид на ден 06.10.2011 година, објавен на огласна табла на 10.10.2011 година и стапи во сила и се применува од 18.10.2011 година.